Врз основа на член 400 и член 401-а од Законот за трговските друштва , Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за избор на бројач на гласови на Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 год.**

1. За бројач на гласови на Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година СЕ ИЗБИРА Горгиев Димитар, со задача да врши броење на гласови при јавните гласања на оваа Собрание а врз основа на утврдениот и оверенениот список на присутни акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица бр. 03-533 од 07.06.2019 год.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 395 и член 401-а од Законот за трговските друштва , Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за избор на Претседавач на Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 год.**

1. За претседавач на Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година СЕ ИЗБИРА Стојчев Коста, со мандат до изборот на претседавач на наредното Собрание на акционери.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 384 и член 401-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за усвојување Извештај за работењето на Друштвото**
**за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2018 година бр. 01-503 од 05.06.2019 година.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 384 и член 401-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за усвојување на годишната сметка**
**и финансиските извештаи за 2018 година**

1. Се усвојува годишна сметка и финансиските извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2018 година.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 415-в, точка 1 и 4 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година**

1. Се УСВОЈУВА Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2018 година.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се прифаќаат ревизорските извештаи за годишната сметка и финансиските извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2018 година.

2. Се прифаќаат ревизорските извештаи за консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2018 година.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 384, член 401-а и член 483 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за распоредување на добивката**

1. Искажаната нето добивка за 2018 година во износ од 389.870 денари се распоредува на следниот начин:

1.1 Добивката во износ од 389.870 денари се распоредува во нераспределена добивка.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 384 и член 401-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работа на членовите на Одборот на директори за 2018 година**

1. Се одобрува работата на сите членови на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица и тоа поеднинечно за секој член:

1. Маџунков Аристид-"за" - 26997; "против" - 0; "воздржани" - 0
2. Ѓорге Велковски -за" - 26997; "против" - 0; "воздржани" - 0
3. Гошева Кристина -"за" - 26997; "против" - 0; "воздржани" - 0
4. Партенов Зоран - "за" - 26997; "против" - 0; "воздржани" - 0
5. Горгиев Димитар - "за" - 26997; "против" - 0; "воздржани" - 0

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 333 и член 401-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

Член 1
Член 1

Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица предлага да се изврши стекнување сопствени обични акции со откуп.

Максималниот број на обични акции што може да се откупат да се утврди на 4.000 акции во вкупна номинална вредност од 12.000.000,00 денари.

Друштвото ќе го врши откупот на сопствените акции од делот од добивките искажани од предходните години.

Член 2

Номиналната вредност на сопствените акции наведени во член 1 од оваа Одлука што Друштвото може да ги откупи да изнесува 10% од номиналната вредност на акционерскиот капитал на Друштвото.

Член 3

Откупот на акциите од член 1 на оваа Одлука да се изврши најдоцна до 04.05.2020 година.

Минималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 900,00 денари за една обична акција, а максималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 1.250,00 денари за една обична акција.

Член 4

Друштвото ќе врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

Член 5

Се овластува Одборот на директори на АД за неметали Огражден, да носи одлуки за стекнување сопствени акции ако е тоа неопходно да се спречи сериозна и непосредна штета што би ја претрпело Друштвото.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери
Стојчев Коста

Врз основа на член 9 став 2 од Закон за хартии од вредност, Собранието на АД за неметали Огражден Струмица на седницата одржана на ден 07.06.2019 година, со

јавно и поединечно гласање со 26.997 "ЗА", ниеден глас "ПРОТИВ" и без "ВОЗДРЖАНИ", ја донесе следната:

## О Д Л У К А

За отуѓување сопствени акции

Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на АД за неметали Огражден Струмица стекнати до одржувањето на годишното собрание на друштвото на ден 07.06.2019 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собрание на друштвото од 07.06.2019 година

Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номинална вредност на една обична акција на АД за неметали Огражден Струмица изнесува 50 ЕВРА.

Член 3

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.

Согласно законските прописи и Статутот на АД за неметали Огражден Струмица акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции, во пари и акции.

Член 4

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

Член 5

Собранието на друштвото го овластува Одборот на директори на АД за неметали Огражден Струмица, поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

Член 6

Купувачите на сопствени акции на АД за неметали Огражден Струмица ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 7

Согласно законските одредби и Статутот на друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:

- Право на глас во собранието на друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото

Член 8

АД за неметали Ограждeн Струмица по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери
Стојчев Коста

Врз основа на член 383 став 1 точка 9, 510 и 511 од Законот за трговски друштва и член 28 точка 10 од Статутот на АД за неметали Огражден Струмица, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 "ЗА", ниеден глас "ПРОТИВ" и без "ВОЗДРЖАНИ", ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## З А  П Р Е О Б Р А З Б А

## На Акционерското друштвото за неметали Огражден АД Струмица во Друштво со ограничена одговорност Неметали Огражден ДОО Струмица

1. СЕ УСВОЈУВА Одлуката за преобразба на Акционерското друштво за Неметали Огражден АД Струмица, со адреса на ул.Маршал Тито бр.239, Струмица, со ЕМБС 4045297, во Друштво со ограничена одговорност кое што продолжува да работи како правно лице во форма на ДОО, на начин и услови под кои е запишано во Трговскиот регистар.
2. Фирмата на Друштвото коешто се преобразува гласи:
   - Акционерско друштво за Неметали Огражден АД Струмица

   Фирмата на Друштвото во коешто се преобразува гласи:

   - Неметали Огражден ДОО Струмица
3. Друштвото за Неметали Огражден ДОО Струмица,по извршената преобразба продолжува да работи со истото седиште во Струмица, на улица Маршал Тито бр.239,Струмица под истиот Единствен матичен број на субјектот/ ЕМБС4045297 и со истиот Единствен даночен број / ЕДБ: 4027955118731.
4. Сите акционери кои се согласиле да учествуваат како содружници, со еднакви влогови во преобразеното Друштво за Неметали Огражден ДОО Струмица, сразмерно на номиналната вредност на нивните акции од основната главнина на Друштвото, се сите постоечки акционери до моментот на преобразбата.
5. Оваа одлука е усвоена согласно законските прописи со повеќе од 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на акционери, преставени секој поединечно и пропорционално од основната главнина на друштвото.
   Списокот на акционери кои гласале за оваа Одлука за преобразба е составен дел во прилог на оваа Одлука.
6. Преобразбата на Акционерското друштво за Неметали Огражден АД Струмица во Друштво со ограничена одговорност се врши со ова Одлука и Договор за Друштво со ограничена одговорност – Друштвото за Неметали Огражден ДОО Струмица од __.__.____ година којшто е во прилог на оваа Одлука како нејзин составен дел.

7. Изјавите за преземање удел и за прифаќање на Договорот за Друштво со ограничена одговорност, дадени од акционерите, односно содружниците на Друштвото на Записникот од Собранието заверен на Нотар, се составен дел на оваа Одлука.

8. Со Друштвото за Неметали Ограждeн ДОО Струмица ќе управува управител како лице овластено за застапување и орган на управување според Договорот на Друштвото.

   Управителот се именува со Договорот за друштвото - Друштвото за Неметали Ограждeн ДОО Струмица.

   Составот и организацијата на органот на управување и надзор во работењето на Друштвото подетално се уредува со Договорот на друштвото.

9. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2018 според состојбата заклучно со 31.12.2018 година заедно со Извештајот на овластениот ревизор усвоени на денот на одлучувањето на преобразбата на Друштвото, се составен дел во прилог на оваа Одлука.

10. СЕ ЗАДОЛЖУВА Управителот на Друштвото да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на оваа Одлука за преобразба заедно со Договорот на Друштвото за Неметали Ограждeн ДОО Струмица и другата потрбна документација. По уписот на преобразбата во Трговскиот регистар, Управителот врз основа на изјавите за преземање, издава потврда за стекнатиот удел во преобразеното Друштво и уделите ги запишува во Кинигата на удели на Друштвото.
    Управителот во рок од 8 дена од денот на уписот на преобразбата во Трговскиот регистар му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да ја затвори Акционерската книга.

11. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Централниот регистар на РМ– Трговскиот регистар

Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје

Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 383, член 401-а и член 479 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Ограждeн" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната:

**<u>О Д Л У К А</u>**

**за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2019 год.**

1. За извршување на ревизијата на годишната сметка за 2019 год. и за финансиските извештаи на АД за Неметали "Ограждeн" Струмица се назначува овластен ревизор и тоа: ТП "Ревизија Витанова" - Струмица.

2. Се овластува Генералниот директор на АД за Неметали "Ограждeн" Струмица со ТП " Ревизија Витанова " - Струмица да склучи соодветен договор со кој ке се утврдат правата и обврските на двете договорни странки.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста